РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

09-1208/1
19-02-2020

Врз основа на член 22 став 7 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019, Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по сопствена иницијатива, на дваесет и седмата седница одржана на ден 14.02.2020 година донесе

**ОДЛУКА**

СЕ ЗАПИРА постапката за утврдување судир на интереси против службеното лице Трајче Черепналковски бидејќи лицето повеќе не е во состојба на судирот на интереси согласно член 77 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 09-8214/1 од 18.11.2019 година, да се затвори и да се архивира.

Образложение

Предметот со број 09-8214/1 од 18.11.2019 година е оформен по сопствена иницијатива против службеното лице Трајче Черепналковски каде што е констатирано дека покрај функцијата член на надзорен одбор во Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост Скопје, истото лице е член на одбор на директори во НЕОКОМ АД и управител во НЕОТЕЛ ДОО Скопје.

Заради целосно утврдување на фактичката состојба по отворениот предмет, Државната комисија се обрати до службеното лице Трајче Черепналковски и достави Известување и барање за постапување, при што од него побара да преземе соодветни дејствија заради отстранување на повредата на член 44 став 5 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите која гласи „*Избрано или именувано лице и одговорно лице во јавно претпријатие или друго правно лице со доминанен државен капитал не може да врши функција на член на управен одбор или на друг орган на управување во трговско друштво или друго правно лице што се занимава со дејност со која се остварува профит*", односно службеното лице да преземе соодветни дејствија во насока на отстранување на состојбата на судир на интереси.

Државната комисија по повторно разгледување на предметните наводи, утврди дека е настаната промена на фактичката состојба, со тоа што лицето Трајче Черепналковски повеќе не е член на надзорен одбор во Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост Скопје, поради што истото повеќе не се наоѓа во состојба на судир на интереси.

Од вака констатираната фактичка состојба, Државната комисија на седницата одржана на ден 14.02.2020 година, по разгледување на сите предметни наводи констатира дека во


Република Северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

конкретниот предмет постапувањето се запира затоа што е отстранета состојбата на судир на интереси согласно член 77 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Republika e Maqedonisë së Veriut
Република Северна Македонија
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Скопје
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT
Shkup

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Катица Николовска**

Изработил:
м-р Ема Нешковска- Соработник
Одобрил:
М-р Шемши Салаи


Република Северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk